**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр. 02-665/1**
**16.09.2019 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 114 став 1 и став 4 алинеја 3, а во врска со член 37 од Законот за високо образование („Службен весник” бр. 82/18), член 42 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и член 21, член 22 и член 23 од Статутот на Факултет за безбедност – Скопје, Деканот на Факултетот за безбедност-Скопје, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за распишување избори за членови и претседател на студентско собрание на Факултет за безбедност - Скопје**

1. Се распишуваат избори за 10 (десет) членови на Факултетско студентско собрание и 1 (еден) Претседател на Факултетско студентско собрание на Факултетот за безбедност - Скопје кои ќе се спроведат на ден 16.10.2019 година во просториите на Факултет за безбедност - Скопје.

2. Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за членови на факултетско студентско собрание и за избор на Претседател на факултетско студентско собрание на Факултет за безбедност - Скопје во следниот состав:

1. Наталија Огненова од студиската програма Криминологија - студент – член, претседател,
2. Анастасија Марковска од студиската програма Криминологија и криминална политика – студент – член,
3. Филип Јанковски од студиската програма Безбедност - студент – член,
4. проф. д-р Искра Аќимовска Малетиќ – член и
5. проф. д-р Драгана Батиќ– член.

3. Се задолжува изборната комисија од член 2 од оваа Одлука изборите за членови на Факултетско студентско собрание и за претседател на Факултетското студентско собрание да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола и Статутот на Факултет за безбедност - Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Правна поука: Именуваните против оваа Одлука имаат право на приговор до Деканатската управа, во рок од 15 дена од денот на приемот на Одлуката.

6. Оваа одлука да се достави до: членовите на комисијата, одделение за студентски прашања и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

Изработил
М-р [illegible]